РЕФОРМИТЕ НАСПРОТИ ПРАВАТА

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ „ЈАВЕН ИНТЕРЕС" – АНАЛИЗА, ПРЕСЕК И КРИТИЧКИ ОСВРТ НА „ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС" ВО СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ*

Во македонското законодавство постои невоедначен пристап при определувањето на поимот „јавниот интерес" и постои терминолошката и суштинската разноликост во определувањето на поимот. Во законската и правната регулатива јавниот интерес како поим не е доволно обработен што доведува до тоа повикувањето на поимот јавен интерес во конкретен законски текст да биде погрешно и несоодветно.

Од тие причини, поимот „јавниот интерес" во законската регулатива треба да биде проследен со процедуралност и методичност во определувањето со што ќе биде ставен во функција на остварување на основното начело на добро управување.

Меѓународните искуства и практики покажуваат дека домашните власти се оние кои подобро можат да го проценат постоењето на јавниот интерес, но тоа не значи можност за арбитрарно повикување на јавниот интерес, туку избалансираност со другите интереси во општеството, на што упатува Европскиот суд за човековите права.

## ПРЕГЛЕД НА ДЕФИНИЦИИТЕ И УПОТРЕБАТА НА ПОИМОТ „ЈАВЕН ИНТЕРЕС" ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во **Уставот на Република Македонија** поимот „јавен интерес" експлицитно се спомнува на **две места**, односно во контекст на **ограничувањето на сопственоста,** како и во контекст на основањето на **анкетните комисии во Собранието** .

*Употребата на поимот во Уставот е без никаква елаборација на неговото значење и содржина. Несоодветно е јавниот интерес да се смета за уставна категорија, со оглед на тоа дека тој во Уставот е буквално само „нафрлен".*

Во **Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда** не се дефинира директно што е јавен интерес, туку определува кои се **подрачјата и прашањата од јавен интерес**, но *во оваа дефиниција се застапени сите битни области на општественото живеење, кои спаѓаат во опсегот на јавниот интерес, но слабост на оваа дефиниција е нејзината непрецизност.*

Во **Законот за заштита на укажувачите** се дефинира поимот јавен интерес, но така што **се набројуваат областите** што се опфатени со него. *Дефиницијата не вклучува определени категории кои би требало да се сметаат како прашања од јавен интерес.*

* овој текст ги претставува сумарните наоди и препораки на анализата која во целосна верзија е достапна тука

Во **Кривичниот законик** не е дефиниран поимот „јавен интерес", но определени се **лицата кои вршат работи од јавен интерес.** *Оваа дефиниција не помага во определувањето на поимот „јавен интерес", туку ги усложнува работите со непотребното воведување на терминот „општ интерес".*

Во **Законот за општата управна постапка** поимот „јавен интерес" е **услов за продолжување на постапката и предуслов за склучување на управен договор.** *Во двата случаи, законот не определува што е јавен интерес, а одлуката дали тој постои или не е во диспозиција на органот што го презема дејствието.*

Во **Законот за заштита на приватноста** јавниот интерес се третира како **критериум за (не)казнивоста** на определено поведение, кое инаку претставува **повреда на приватноста** и е пропишано како кривично дело. *Во овој закон не е дефинирано што е јавен интерес, па и тука повторно се јавува проблем затоа што условите за (не)примена на казнено-правните одредби не се докрај дефинирани.*

Во **Законот за сопственост и други стварни права** поимот „јавен интерес" не е дефиниран, но за разлика од другите случаи на закони се бара **јавен интерес утврден со закон, но** *јавниот интерес утврден со закон ги стеснува можностите за ограничување/одземање на правото на сопственост и арбитрарно постапување на органите во овие постапки.*

**Законот за експропријација** има најдетални одредби со кои се регулира јавниот интерес како **јавен интерес од значење за Република Македонија и јавен интерес од локално значење.** *Експропријацијата се врши заради остварување јавен интерес, со цел оптимално искористување на некое општествено добро или ресурс.*

Во **Законот за пристап до информациите од јавен карактер,** поимот „јавен интерес" е врзан за т.н. **„тест на штетност"** како задолжителна постапка која ја спроведува имателот на информацијата. *Јавниот интерес е критериум за остварување на правото на пристап до информациите.*

**Законот за донации и спонзорства во јавните дејности** содржи **дефиниција** на поимот „јавен интерес" во која се определува дека јавен интерес е поддржување или промовирање на дејности во областа на заштитата на човековите права, промоција на културата, етиката, образованието и науката, развојот на информатичкото општество и преносот на електронските податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирањето на крводарителството, меѓународната соработка и другите дејности утврдени со закон.

Најслични поими на поимот „јавен интерес" во македонското законодавство се поимите **општ интерес** (Уставот на РМ и Законот за сопственост и други стварни права), **национален интерес** (Законот за култура, Законот за државјанство, Закон за организацијата и работата на органите на државната управа, Закон за заштита на културното наследство), **државен интерес** (Закон за надворешни работи), **посебен интерес** (Законот за јавните претпријатија, Законот за основно образование и Законот за средно образование) и **интерес на Републиката** (Закон за помилување).

Законот за средното образование, Законот за Црвениот крст на Република Македонија и Законот за шумите, определени дејности или активности се прогласуваат за дејности од јавен интерес, додека Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите определува **листа дејности кои се од јавен интерес.**

# ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И СУДСКИТЕ ПРАКТИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Јавниот интерес се среќава во низа одлуки на **Уставниот суд на Република Македонија.** Во голем број случаи Уставниот суд цени дали определена законска одредба, која овозможува одземање/ограничување на правото на сопственост е во согласност со Уставот, особено од аспект на законски утврдениот јавен интерес.

**Парничните судови** во одредени случаи исправно го утврдуваат постоењето на јавен интерес, додека пак според одлуките на управните судови, по повод тужбите за одбиено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, може да се заклучи дека тие имаат површен пристап кон ова прашање.

# МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И ИСКУСТВА ВО ВРСКА СО ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Споредбеното и меѓународното право не даваат некоја поконкретна дефиниција или методологија за определуање на поимот „јавен интерес". Во Европската конвенција и нејзините протоколи, поимот „јавен интерес", експлицитно се употребува на само две места, и тоа во врска со државната контрола на сопственоста. Европскиот суд за човекови права е флексибилен во определувањето на легитимните цели како пошироки јавни интереси заради кои може да се ограничи уживањето на одредено право. Во случајот Ивановски против Република Македонија Судот ја уважува широката маргина на слободно оценување на државата и прифаќа дека вмешувањето во правото на приватен и семеен живот на жалителот во конкретниов предмет било заради легитимната цел за заштита на националната безбедност.

Но, во случајот, „Арсовски против Република Македонија" кој се однесува на експропријација на земјиште по барање и во интерес на приватна компанија, ЕСЧП наведува дека жалителите морале да поднесат товар што е преголем и диспропорционален со целта на јавниот интерес, што пак упатува на „приватизација" на јавниот интерес или негово поврзување со поединечни интереси.

| ПОИМОТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО УСТАВОТ НА РМ | ЗАКОНИ ВО КОИ ДИРЕКТНО Е ДЕФИНИРАН ПОИМОТ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС | ЗАКОНИ ВО КОИ НЕ Е ДИРЕКТНО ДЕФИНИРАН ПОИМОТ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС | ЗАКОНИ СО СЛИЧНИ ПОИМИ НА ПОИМОТ ЈАВЕН ИНТЕРЕС |
|---|---|---|---|
| Поимот „јавен интерес“ експлицитно се спомнува на **две места**, односно во контекст на ограничувањето на **сопственоста,** како и во контекст на основањето на **анкетните комисии** во Собранието.<br><br>Во Уставот на РМ се споменува и поимот **„општ интерес“.** | **Закон за заштита на укажувачите** (се набројуваат областите што се опфатени со него)<br><br>**Законот за донации и спонзорства во јавните дејности** (содржи дефиниција на поимот „јавен интерес“) | **Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда** (се определуваат подрачјата и прашањата од јавен интерес)<br><br>**Кривичниот законик** (определени се лицата кои вршат работи од јавен интерес)<br><br>**Законот за општата управна постапка** (поимот „јавен интерес“ е услов за продолжување на постапката и предуслов за склучување на управен договор)<br><br>**Законот за заштита на приватноста** (критериум за казнивоста на определено поведение)<br><br>**Законот за сопственост и други стварни права** (се бара јавен интерес утврден со закон)<br><br>**Закон за експропријација** (се регулира јавниот интерес како јавен интерес од значење за РМ и јавен интерес од локално значење)<br><br>**Закон за пристап до информациите од јавен карактер** (поимот „јавен интерес“ е врзан за т.н. „тест на штетност“) | Закон за сопственост и други стварни права **(„општ интерес“)**<br><br>Законот за култура, Законот за државјанство, Закон за организацијата и работата на органите на државната управа, Закон за заштита на културното наследство **(„национален интерес“)**<br><br>Закон за надворешни работи **(„државен интерес“)**<br><br>Закон за јавните претпријатија, Законот за основно образование и Законот за средно образование **(„посебен интерес“)**<br><br>Закон за помилување **(„интерес на Републиката“)**<br><br>Законот за средното образование, Законот за Црвениот крст и Законот за шумите **(„дејности од јавен интерес“)**<br><br>Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите **(листа дејности кои се од јавен интерес)** |